АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ

WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
## на финансиски и инвестициони кредити

**Скопје, јануари 2009 година**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Предмет на осигурување се кредитите, кои осигуреникот ги одобрил (банката или претпријатието) на правни или физички лица (во идниот текст ДОЛЖНИК) под условите да е издадена полисата и да е заклучен договор со намена за унапредување на производството, прометот и другите дејности, согласно актите на осигуреникот и законските прописи.

## 2. ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ

Член 2

Со ова осигурување покриени се штетите кои ќе ги претрпи осигуреникот поради неможност за наплата на осигурениот кредит, од настанат осигурен случај од член 3 на овие услови.
Осигурувачот ќе ги надомести и потребните трошоци, настанати поради работите што ги презел осигуреникот спогодбено со осигурувачот заради наплатата на осигурениот кредит.
Штетата и трошоците се покриени сразмерно према остатокот на осигурениот долг кој е наведен во полисата.

## 3. ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 3

Осигурен случај се смета ако осигуреникот докаже дека настанале следните случаи:

а) ако против должникот е покрената стечајна постапка
б) ако против должникот неуспешно завршила извршната постапка,
в) ако осигуреникот поведе постапка (со или без согласност на должникот) за можно судско и вонсудско порамнување поради инсолвентност на должникот,
г) ако во согласност со осигурувачот, настанал осигурен случај, т.е. да дошло до задоцнување на отплатата на кредитот над 90 дена, а осигуреникот на осигурувачот му презентирал докази за неможноста за наплата од должникот, т.е. инсолвентност и бара согласност за порамнување со делумна наплата на долгот.

## 4. НАЧИН НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 4

Осигуреникот е должен пред заклучување на договорот со идниот должник да поднесе пополнет образец на понуда за осигурување која е составен дел на договорот за осигурување.
Осигурувачот е должен во рок од 15 дена по добивање на понудата да се изјасни дали ја прифаќа или одбива понудата.
Ако осигурувачот во горенаведениот рок не ја одбие понудата или не побара дополнителни појаснувања ќе се смета дека понудата е одбиена, освен ако осигурувачот дополнително ја прифати и испостави полиса за осигурување.

Член 5

За прифатените понуди осигурувачот издава полиса за секој конкретен случај, со примена на тарифата, која зависи од рокот, намената на кредитот, оцена за успешноста и ризикот. Премиските стапки се движат од 1,5 - 3% во зависност од процената на ризикот.
Сума на осигурување претставува износот на одобрениот кредит, зголемен за редовната камата пресметана при одобрување на кредитот, а максимум до лимитот по договорот. понудата и полисата за осигурување.
Осигуреникот е должен премијата за осигурување за целиот кредит да ја плати во рок од 15 дена по добивањето на фактурата.

## 6. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КРЕДИТОТ

### Член 6

Осигуреникот е должен пред заклучување на договорот за кредитот да го утврди бонитетот на должникот на кредитот.

При заклучување на договорот за кредитот осигуреникот е должен да ги изврши следните обезбедувања од должникот.

1. Акцептни налози од должникот на кредитот и чекови;
2. Задржување на сопственоста на недвижниот имот купен или изграден на кредит, се до отплата на долгот;
3. Акции со приоритет и обична намена, девизни или динарски депозити;
4. Интабулација на хипотека на недвижниот имот на должникот, ако кредитот учествува над 30% од вкупната имовина на должникот;
5. Полиса за осигурување на имотот што е предмет на кредитот, винкулирана во корист на осигуреникот под услов минималната сума да одговара до одобрениот кредит, за цело време на траење на кредитирањето;
6. Жиранти за мешовити и приватни претпријатија;
7. Да се внесе клаузула во договорот дека сите права во случај на штета ги пренесува на осигурувачот.

Осигуреникот во координација со осигурувачот ќе оцени при заклучување на договорот за кредитирање со должникот кој инструмент за обезбедување е најприфатлив за конкретниот случај, имајќи ги во предвид видот и предметот што се обезбедува, со што може да се користи и повеќе инструменти едновремено.

## 7. ДОЛЖНОСТИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

### Член 7

Во случај должникот да задоцнил со отплата на кредитот или по било кој начин сознал дека должникот западнал во финансиски тешкотии, осигуреникот е должен за тоа веднаш да го извести осигурувачот, да постапи по дадените упатства и да ги преземе сите неопходни мерки за заштита на основните и неговите интереси.

По барање на осигурувачот, осигуреникот е должен задолжително да ги приложи документите и превземените мерки со кои му се овозможува на осигурувачот директно да учествува во потребната постапка.

Ако поради непочитување на одредбите од овој член, настапила штета или штетата се зголемила, тогаш осигуреникот делимично или целосно ќе го изгуби правото на оштета.

## 8 ОГРАНИЧУВАЊА И ИСКЛУЧУВАЊА ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 8

Осигурувачот не е должен да му ги надомести штетите на осигуреникот кои настанале:

- поради војни, политички настани и од последица на виша сила;
- ако без согласност на осигурувачот ги промени условите на кредитирање или намерно не ги почитува условите и договорот за осигурување на кредитот,
- ако поднесе оштетно барање постаро од една година од достасаноста;
- ако благовремено не превземе мерки за заштита на интересите од стечајната маса;
- ако осигуреникот целосно не ги исполнил обврските кон должникот за предметниот кредит поради што дошло до штетни последици на должникот;
- ако осигуреникот во понудата пропуштил да го извести осигурувачот за важни моменти за процена на ризикот кои му биле познати или можел да ги сознае во моментот на поднесување на понудата и во рокот на чекањата на прифаќањето на понудата.

## 9. ОПОМЕНСКА ПОСТАПКА

Член 9

Осигуреникот е должен во случај на задоцнување на отплатата, но најмалку две редовни или три нередовни рати од страна на должникот, а по истекот на 30 дена од договорениот рок на отплатата, со препорачано писмо и повратен рецепис да го повика осигуреникот за подмирување на заостанатите рати. Во колку има жиранти опомена да им се достави и на нив.

Доколку должникот не го подмирил долгот во одредениот рок а настанал осигурен случај од член 3 на овие услови, осигуреникот припрема документација за надомест на штета.

## 10. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА И ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

Член 10

Осигурувачот е должен да ја надомести штетата во рок од 15 дена по приемот на доказни документи, ако осигуреникот докаже дека настанала штета по основ и висина.

Осигуреникот со оштетното барање мора да га приложи следните документи:

- оригинална полиса,
- оригинален договор за одобрениот кредит заклучен со должникот,
- копија од опомените за исплата на долгот,
- книговодствена картица за долгот,
- докази за настанатата штета од член 3 од овие услови.

Ако сумата на осигурување во моментот на настанување на штетата е помала од побарувањата, осигурувачот ќе го надомести сразмерниот дел на штетата, т.е. пропорционално меѓу осигурената сума и побарувањата

За долгорочните кредити, осигурувачот може да му ги отплаќа на осигуреникот само задоцнетите и достасаните ануитети - рати спрема __амортизациониот план на должникот.

## 11. ВРАЌАЊЕ НА ИСПЛАТЕНИ РАТИ

Член 11

Осигуреникот е должен, ако во времето од поднесувањето на оштетното побарување до моментот на исплата на штетата, ако добие уплата на заостанатите рати да го повлече оштетното побарување.

За сите други уплати што ќе ги добие од должниците за кои добил оштета е должен, износите да му ги уплатува на секои 15 дена на осигурувачот на неговата жиро сметка бр. ________________________________, во спротивно ќе плаќа законска затезна камата.

## 12. ПРЕНОС НА ПРАВА

Член 12

Осигуреникот е должен по исплата на штетата сите права према должникот со цесија да му ги пренесе на осигурувачот.

Сите износи и трошоци што ќе настанат за осигурување на регресните права за исплатената штета од должникот ќе се делат сразмерно според учеството во штетата на осигурувачот и осигуреникот.

## 13. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Осигурувачот и осигуреникот секоја година ќе го пратат движењето на премијата и ќе превземаат соодветни мерки во зависност од техничките резултати за нивна корекција.

Во случај на спор ќе биде надлежен судот во седиштето на осигурувачот.

Ако од реосигурувачот и соосигурувачот се добијат посебни услови тие автоматски ќе се применуваат на сите осигурувања каде тие учествуваат.

Ако со полисата се договорат некои посебни услови тие имаат предност во лримената од овие услови.